Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневните настани 05.11.2023

Денеска (05.11.2023) во 01.15 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода А.И.(23), Т.А.(20) и М.Ј.(21), сите од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 05.11.2023 во 00.55 часот во ОВР Струга лишен од слобода е Д.М.(37) од Струга, затоа што од страна на полициски службеници кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.11.2023 во 01.15 часот во Велес, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.С.(39) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 04.11.2023 полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција - ОЕК и СВР Тетово во содејство со УЈП и Државен инспекторат за труд спроведоа акциска контрола во спортски обложувалници во Тетово и во тетовско. Притоа биле лишени од слобода Т.К.(30) и М.М.(23), двајцата од тетовско, вработени во две од контролираните обложувалници, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело приредување игри на среќа без лиценца. Во нивните мобилни телефони биле пронајдени онлајн платформи за игри на среќа без лиценца. Притоа, од две обложувалници биле одземени по 5 компјутери, а од една 6 компјутери кои немале лиценца, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "повреда на авторски права и сродни права". Неправилности се констатирани и од страна на УЈП. По целосно документирање на случајот ќе следат соодветни поднесоци.

На 04.11.2023 во 18.30 часот во Струмица, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода П.П. (39) од Струмица. При претрес во неговиот дом извршен со судска наредба биле пронајдени повеќе пакувања со хероин. Тој бил задржан во Полициска станица Струмица, а за настанот бил известен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица. По документирање на случајот против П.П. ќе биде поднесена соодветна пријава и во текот на денот ќе биде изведен пред Судија на претходна постапка од Основен суд Струмица.

Денеска (05.11.2023) во 03.20 часот на место викано „Смоларска раскрсница", струмичко, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица ги лишиле од слобода М.Д. (34), И.С.(32) и М.П.(31), сите од Штип. При преглед на патничко возило „бмв" со штипски регистерски ознаки, управувано од М.Д., во кое сопатници биле другите две лица, била пронајдена марихуана. Тие биле задржани во Полициската станица Струмица и известен бил Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (04.11.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 264 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 69 санкции, 17 мерки за возење без возачка дозвола, четири санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло. Изречени се 11 мерки за користење мобилен телефон при возење, 31 санкција за некорректење сигуросен појас, девет мерки за управување под дејство на алкохол...

На 04.11.2023 во 17.15 часот било пријавено дека во Скопје на ул.„Ѓорче Петров" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „цитроен" со скопски регистарски ознаки, управувано од Х.Д.(24) од Скопје и патничко возило „опел" со струшки регистарски ознаки, управувано од С.П. од Струга. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничка од возилото „цитроен", В.Д.(50) од Скопје, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Секторот за внатрешни работи Тетово продолжува со континуираните контроли на возачите - учесници во сообраќајот, дали и колку од нив ги управуваат возилата под дејство на алкохол. При контролата спроведена вечеравечер и ноќеска (04/05.11.2023) од 22.00 до 04.00 часот биле откриени и санкционирани вкупно 18 прекршоци (ТЕ-12 и ГВ-6). Кај најголемиот број од возачите-прекршители биле измерени до еден и еден пол промили алкохол во организмот, а кај двајца (ТЕ) над два промили. Сите се веднаш исклучени од сообраќај, времено им се одземени нивните возачки дозволи и изготвени им се поднесоци со парични глоби од 225 до 375 евра во денарска противвредност.

На 04.11.2023 во 22.15 часот било пријавено дека во Скопје на крстосница од бул.„Киро Глигоров" со сервисна улица се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „мазда" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.Д.(53) од Скопје и патничко возило „шевролет спарк" со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од Б.А.(27) од Кратово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатник од возилото „шевролет спарк", И.М.(51) од Скопје, а со телесни повреди се здобиле двајцата возачи, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" и Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 04/05.11.2023 од 22.00 до 04.00 часот на подрачјето на СВР Охрид извршени се сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале 14 возачи кои управувале моторни возила под дејство на алкохол (Охрид-11, Струга-03). Тие, веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 04.11.2023 во 06.30 часот било пријавено дека на магистралниот пат Кичево-Гостивар, кај с.Тајмиште, се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „ивеко" со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.Ш.(61) од с.Слатина, скопско и патничко возило „голф" со струшки регистарски ознаки, управувано од Ф.И.(37) од с.Калишта, струшко. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничка од возилото „голф", Б.И.(67) од с.Калишта, а со телесни повреди се здобиле двајцата возачи, констатирани во Медицинскиот центар Кичево. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кичево.

Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.Т.(33) од Скопје, поради основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 09/10.10.2023 година, при претрес во неговото патничко возило „голф" биле пронајдени 2048,2 грама амфетамин, кокаин и четири таблети МДМА. При извршен претрес во домот на пријавениот бил пронајден пиштол.

На 04.11.2023 во 17.00 часот во СВР Скопје Л.С.(71) од Скопје пријавила дека на 31.10.2023 околу 17.30 часот пред нејзиниот двор на подрачјето на Ѓорче Петров била касната од две кучиња, сопственост на нејзиниот сосед П.Б.(67) од Скопје. Со П.Б. бил извршен службен разговор во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 04.11.2023 во 15.00 часот било пријавено дека во Гевгелија, во приватна забна ординација, при извршување работни задачи со ламба, П.Ј. и Н.Н. се здобиле со изгореници, по што биле пренесени во Општата болница Гевгелија за укажување на лекарска помош. Полициски службеници излегле на местото на настанот.

На 04.11.2023 во 08.50 часот полициски службеници од Полициската станица Кочани го лишиле од слобода Н.Ј.(29) од с.Чифлик, затоа што тој во селото физички го нападнал М.М.(54) и му го оштетил возилото, потоа им се заканувал и на М.А.(39) и Д.Х.(26), а исто така, физички ја нападнал и неговата 55-годишна мајка. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 04.11.2023 во 13.17 часот било пријавено дека во с.Виничка Кршла, виничко, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу Д.Н.(44) и Б.Н.(24). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Д.Д.(45) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". При преглед извршен во кичевското село Кнежино, полициските службеници кај него пронајдоа и одзедоа марихуана.

На 04.11.2023 во 14.36 часот во ОВР Гостивар од Општата болница Гостивар било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен Д.С.(60) од Гостивар. Според пријавеното тој со повредите се здобил при извршување на работни задачи во правно лице - месарница. Излезено било на местото на настанот од страна на полициски службеници и бил известен трудов инспектор.

На 04.11.2023 во 04.50 часот во Куманово полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Д.П.(23) од Крива Паланка. Според пријавеното, околу 03.30 часот во казино во Куманово, по претходна расправија, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу Д.П. и В.Т.(49) од Куманово, вработен како обезбедување во објектот, кој употребил и тврд предмет. Исто така, Д.П. агресивно се однесувал и кон полициските службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 04.11.2023 во 18.30 часот било пријавено дека во с.Злетово, пробиштипско, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу М.Т.(56) и Б.А.(47). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 04.11.2023 во 14.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во домот на подрачјето на Шуто Оризари бил пронајден починат З.И.(61) од Скопје. Од страна на лекар од Итна медицинска помош констатирана била смрт без траги на насилство. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено за обдукција.

На 04.11.2023 во 16.40 часот во Куманово полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода М.Т.(19) од с.Биљановце, поради тоа што околу 03.00 часот во Куманово со тврд предмет го нападнал К.К.(24) од Куманово. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 04.11.2023 во 14.20 часот било пријавено дека на 03.11.2023 околу 00.30 часот во Битола бил опожарен кафемат лоциран до продавница, а од пожарот била зафатена бандера со кабли и други предмети во непосредната околина. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од Територијалната противпожарна единица Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.11.2023 во 14.00 часот Т.Б.(41) од Штип пријавил дека на 03.11.2023 околу 18.00 часот на игралиште во Штип неговиот малолетен син бил физички нападнат со тврд предмет од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи при ОВР Виница поднесе кривична пријава против Б.С.(52) од Оризари, кочанско, поради основано сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 23.09.2023 година, при отпочнување на градежни работи во дворно место во Виница, пријавениот вербално и физички го нападнал Т.К. од с.Мородвис - Зрновци, по што со тврд предмет замавнал кон него, но бил спречен од друго лице.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет